# КАРПОШ
## неделен е - билтен





**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
25 февруари - 3 март 2019 Билтен бр. 310

# ОДБЕЛЕЖАНИ 75 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА КУЗМАН ЈОСИФОСКИ - ПИТУ

Пред спомен обележјето на народниот херој Кузман Јосифоски – Питу, во Општина Карпош, се одбележаа 75 години од неговата смрт. Чествувањето беше во организација на локалната самоуправа и Сојузот на борци на Македонија.

На денешното чествување свежо цвеќе положија повеќе организации, институции и здруженија.

Пред присутните се обрати и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев кој зборуваше за значењето на Кузман и сите придобивки од Народно ослободителната борба (НОБ).

-Придобивките од НОБ се големи, истите треба да ги вреднуваме и да ги пренесуваме на новите генерации.

Токму денеска, ние, новите генерации и нашата држава го положивме главниот тест на зрелост и покажавме дека сакаме сигурна, безбедна и интегрирана земја.

Со нашето членство во НАТО и трасирање на патот кон Европската унија, изразивме цврста заложба дека сакаме сегашност и иднина!

Во минатиот век главен предизвик ни било формирањето на државата и нејзината самостојност. Со евроатлантските интеграции ја зацврстивме сигурноста и перспективите за сите нас.

Не дозволивме да бидеме заробени во минатото туку преземавме иницијатива за подобар живот и стабилност, рече Богоев.

Пред присутните се обрати и претставник од Сојузот на борците, кој на сликовит начин го опиша животот на Кузман Јосифоски - Питу, неговата младост и народно – ослободителна дејност.

За делото на Питу, денеска учат и младите генерации. Во негова чест, литературни читања имаа и ученици од основното училиште „Владо Тасевски“, од Козле.



# ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ПРОЕКТОТ ЕРАЗМУС ВО ПОСЕТА НА КАРПОШ

Ученици и наставници од Еразмус твининг проектот „Откривајќи го минатото - движејќи се кон иднината“, кои соработуваат со општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, беа во посета на Општина Карпош.
Ова училиште е прво од Општина Карпош кое го доби проектот КА229, при што стана партнер училиште со училишта од Италија, Турција, Литванија и Унгарија.
Присутните гости од овие земји имаа можност да се сретнат со градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев и да се запознаат со работата на локалната самоуправа.
Градоначалникот Богоев посочи дека преку овие размени и споделувања на различни искуства се постигнува вмрежување меѓу младите, размена на различни искуства и практики кои ќе бидат корисни во рамки на наставата.
Со цел да се доближи културата до најмладите, во рамки на овие размени се посетуваат и локации и објекти од културното наследство на земјите.





## АКЦИЈА НА ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Ве известуваме дека во текот на утрешниот ден (01.03.2019 година), Јавното претпријатие „Паркови и зеленило“ ќе има акција за сечење на две болни брези на бул. „Илинден“, во близина на ПроКредит банка, на делница 33 од изградбата на гасоводот.

Исто така, ЈП Паркови и зеленило ќе отстрани едно дрво – платан, во дворот на градинката „Мајски цвет“, во урбаната заедница Владо Тасевски (на улица „Римска“ 2б), со цел да се зголеми безбедноста на децата и родителите при пристап кон градинката.

Сечата на ова дрво е по барање на управата на градинката „Мајски цвет“.



# БАРДОВЦИ ГО ДОБИ „ВИНОЖИТО“ - НОВ КЛОН НА ГРАДИНКАТА „РАСПЕАНА МЛАДОСТ“

Советниците на денешната седница на Советот на Општина Карпош ја изгласаа одлуката за давање согласност за отпочнување со работа на новиот објект на јавната установа – општинска детска градинка „ Распеана младост“, во објектот „Виножито“. Станува збор за нов изграден објект, кој ќе биде клон на оваа градинка во населбата Бардовци. Новите простории се изградени со финансиски средства од буџетот на локалната самоуправа и грант од 120.000 евра од Светска банка. Со овој објект, најмалите карпошани од населбата Бардовци, ќе бидат згрижени и сместени во градинка во своето населено место. Интенција на локалната самоуправа и во иднина ќе биде проширување на капацитетите на градинките кои се наоѓаат на територија на Општина Карпош.

Извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош за 2018 година исто така доби „виза“ од советниците на Карпош. Она што е посебно забалежително од тој извештај е што во споредба со годината претходно, криминалитетот во Карпош е намален за 7-8 отсто. Исто така, беше усвоен и Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски до 30.09.2018 година, со кои Општината преку преговарање успеа да заштеди над 10 милиони денари, преку намалување на главнината на побарувањата од доверителите, откажување од камати и судски трошоци и сл.

На денешната седница беше донесена одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници за 2019 година во јавните детски градинки и општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош. Се прифати и предлог-решението за формирање на комисија за изработка, следење и спроведување на Акционен план за 2019 година, произлезен од Локалниот еколошки акционен план - ЛЕАП 2019-2024 година.



# РАСЧИСТЕНИ ЧЕТИРИ КИЛОМЕТРИ КАНАЛИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ВО БАРДОВЦИ

На барање на граѓаните од населеното место Бардовци, Општина Карпош преку фирма-изведувач почна со интензивно чистење на каналите за наводнување од реката Лепенец кон Бардовци. Досега се исчистени приближно четири километри од каналите за наводнување, а работите околу нивно расчистување од таложник и друг отпад ќе продолжи и во наредниот период.





## НОВ ПАРК ЗА МИЛЕНИЦИ ВО ВЛАЕ 2

Граѓаните од Карпош, од населбата Влае 2, добија нов парк за миленици. Имено, денеска во новоотворениот парк се одржа и маалска дружба, каде што голем број на карпошани дојдоа со своите миленици и го искористија саботното попладне за рекреација, разговор и дружба.

На средбата присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев кој ја истакна намерата на локалната самоуправа да продолжи со вакви проекти и зони за миленичиња.

-Овој дел од Влае целосно се оплеменува. Имаме повеќе спортски игралишта, детско игралиште, зеленило, а сега и парк за миленици.
Во вистинска смисла ова е зона за рекреација на сите граѓани. Неодамна отворивме и нов парк за миленици долж Кејот на Вардар (кај вештачката карпа) кој концепциски се разликува од овој, кој содржи различни реквизити и урбана опрема, рече Богоев во непосредниот разговор со граѓаните.
На маалската дружба присуствуваа и претставници од Кинолошкиот сојуз, како асоцијација која се занимава со проучување на кучињата и нивните расни карактеристики. Претседателот на Сојузот, Јордан Христовски го истакна позитивниот пристап на Општина Карпош, за отворање на вакви катчиња за миленици кои се опремени со потребните реквизити за кучињата, а од особено значење е одржувањето на истите..

Очигледно беше и задоволството на граѓаните од новиот парк. На овој начин се зголемува безбедноста за сите граѓани, и за оние кои се љубители на домашни миленици, но и за луѓето кои не се тоа, затоа што овие паркови овозможуваат концентрација на милениците на определен простор, нивна заштита, полесно одржување на јавната хигиена и чистота на околината.

